АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 30-09.2020

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 3600 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 7 септември 2020 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 30 септември 2020 година;
5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на ТРД УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7 септември 2020 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 7 септември 2020 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудио содржините, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудио делата, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Спротивно на точка 15 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците *(емитување на уредувачки целини од куси радиовести - флеш вести покуси од 5 минути)*, на одјавната шпица на

информативните програми „Вести“ не се целосно објавени податоците за импресумот - име и презиме на уредникот на конкретното издание на вестите, име и презиме на спикерот/новинарот; име и презиме на лицето задолжено за техничкото водство на емисијата, датум на продукцијата (ден, месец и година), име на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.

7.09.2020

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** | |
| Вести | 09:00:57 | 09:02:05 | За ниту едно издание од наведените емисии куси вести на одјавната шпица не се целосно објавени податоците за импресумот. |
| | 10:01:26 | 10:02:42 | |
| | 12:00:54 | 12:02:21 | |
| | 13:00:54 | 13:02:47 | |
| | 14:00:54 | 14:02:44 | |
| | 15:00:54 | 15:02:44 | |
| | 16:00:54 | 16:02:44 | |
| | 17:00:54 | 17:02:14 | |
| | 18:00:11 | 18:01:37 | |
| | 19:03:00 | 19:04:25 | |

Спротивно на точка 16 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во целините „Светот на дланка на Урбан ФМ“, „Сит и фит на Урбан ФМ“ и „Урбан драјв“, ниту на најавна ниту на одјавна шпица не се целосно објавени податоците за импресумот-авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата.

7.9.2020

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** | |
| „Светот на дланка на Урбан ФМ“ | 02:30:10<br>03:32:26<br>04:30:24 | 02:35:40<br>03:36:51<br>04:35:21 | Ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се целосно објавени податоците за импресумот: авторско- реализаторската екипа; - уредништвото и (*датумот на*) продукцијата. |
| „Сит и фит на Урбан ФМ“ | 03:00:45<br>04:02:50<br>05:01:31 | 03:05:04<br>04:07:57<br>05:06:52 | |
| „Урбан драјв“ | 16:05:03 | 18:00:00 | |

**8. Опис на прекршувањето: /**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на ТРД УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, на 7 септември 2020 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка: /**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 14 од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***